КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Macedonia Canoe Federation**

# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК

Скопје , Ноември 2009 година

Врз основа на чл. 23 од Статутот на Кајакарската федерација на Македонија, Собранитето на Кајакарската федерација на диви води на Македонија на седницата одржана на ден 16.11.2009година донесе:

# ДИСЦИПЛИНСКИ ПРАВИЛНИК

*ОПШТИ ОДРЕДБИ*

Член 1

Со дисциплинскиот правилник (во натамошниот текст Правилникот) на Кајакарската федерација на Македонија (во натамошниот текст КФМ), се утврдуваат обврските и одговорностите на членовите и органите на КФМ како и акти, одлуки и заклучоци кои можат да се донесуваат. Со овој Правилник се определуваат видот и висината на дисциплински мерки кои можат да се изречат. Се дефинира постапката за утврдување на дисциплински престап, поведување и водење на постапката, изрекување на мерки и се обезбедува заштита на правата преку второстепеност на постапката.

Член 2

Одредбите на овој Правилник се задолжителни за сите кајакари, тренери, судии, спортски работници органи на КФМ и клубови на територијата на Република Македонија.

Дисциплинските правилници на клубовите и органите на КФМ мора да се во согласност со овој Правилник.

Член 3

Дисциплинска мерка може да се изрече само за дисциплински престап предвиден во овој правилник.

## ЗНАЧЕЊЕ НА ИЗРАЗИТЕ ВО ОВОЈ ПРАВИЛНИК

Член 4

Кајакар - Секое лице кое е еднаш регистрирано во КФМ без разлика дали е пререгистриран или повторно регистриран во друг клуб.

Натпревар - е време определено со акт на КФМ за одржување на натпреварување. Трае од пристигањето на натпреварувачите до нивното заминување од местото на натпреварувањето.

Официјални лица - делегати, тренери, судии, лекари на екипи, водичи на екипи, членови на комисии и др. присутни на натпревар.

Службени лица - Записничар, спикер, членови на жири, лица за поправка на стази, редари, благајник.

Одговорни лица - сите учесници на натпревар, членови на раководни органи на клубови, стручни лица и функционери на клубови и КФМ

Дисциплински престап (во понатамошниот текст - престап) - повреда или непридржување кон актите на КФМ, повреда на ред и дисциплина на напревари, и др. собири на КФМ. Видовите на дисциплински престапи се дефинираат со овој правилник и со други општи акти на КФМ.

Дисциплинска мерка (во понатамошниот текст - мерка) - преставува изречена мерка како одговорност за сторен дисциплински престап. Видовите на дисциплински мерки се определуваат со овој Правилник.

Казната за сторениот престап на член на ИО и Собранието на КФМ

треба да ја потврди Собранлето на првата наредна седница. До тогаш членот на ИО и Собранието е под суспензија.

## ПРЕСТАПИ И МЕРКИ

Член 5

Целта на изрекување на дисциплински мерки е:
- Воспитно влијание врз сторителот на престапот,
- Превентивно влијание врз другите,
- Зачувување на угледот на КФМ и спортот во целост

Член 6

За дисциплински престап може да се изрече дисциплинска мерка, пропишана со овој Правилник, во постапка уредена со него.

Дисциплинска мерка покрај на сторителот на престапот може да им се изрече и на соучесниците (помагање, потикнување, прикривање) и соизвршителите како на сторителот.

Дисциплинска мерка ќе се изрече на сторител и во случај да му престанале функциите или членството во КФМ.

Ако се сторени повеќе престапи ќе се изрече една единствена мерка како коефициент на сите сторени престапи.

Член 7

За престапите предвидени во овој Правилник можат да се изречат следниве мерки:

- опомена, јавна опомена, укор;
- забрана за настап (како натпреварувач или одговорно лице) на одредени натпреварувања (од 1 до 3)
- забрана за настап (како натпреварувач или одговорно лице) на сите натпревари (за период од 3 месеци до 1 година), за одговорно лице забрана за вршење на функција
- доживотна дисквалификација

Изречената мерка може да се услови за период од 3 месеци до 1 година во кој период се одлага нејзиното извршување доколку сторителот не стори нов престап.

Према клубовите и нивните членови можат да се изречат следните мерки:

- опомена, јавна опомена
- забрана за настап (како натпреварувач или одговорно лице) на одредени натпреварувања (од 1 до 3 месеции)
- забрана за настап (како натпреварувач или одговорно лице) на сите натпревари (за период од 3 месеци до 1 година), за одговорно лице забрана за вршење на функција
- доживотна дисквалификација

Изречената мерка може да се услови за период од 3 месеци до 1 година во кој период се одлага нејзиното извршување доколку сторителот не стори нов престап.

Према клубовите можат да се изречат следните мерки:

- опомена, јавна опомена
- забрана за учество или организација на натпревари од еден до шест месеци
- предлог за бришење од членство на Федерацијата

Доколку со сторениот престап е нанесена штета на поединец, клуб или орган на КФМ клубот може да биде задолжен да ја надомести штетата.

Изречената мерка може да се услови за период од 3 месеци до 1 година во кој период се одлага нејзиното извршување доколку сторителот не стори нов престап или не ја надомести утврдената штета..

Член 8

За направен престап може да се изрече парична казна во корист на буџетот на КФМ.

Член 9

За сторен престап од поединец може да се казни и клубот на кој му припаѓа или кого го преставува, доколку истиот не се одгради од престапот или не превземе мерки за отклонување на последиците.

Член 10

Дисциплински престап преставува:

- изразување на незадоволство со зборови или гест кон одлука или наод на службено или официјално лице
- предизвикување неред на натпревар или собир на КФМ
- недолично однесување, потикнување на публика на недолично однесување и сл.
- неоправдано одсуство од подготовки или настап на репрезентација
- неоправдано одсуство (или закаснување) од натпревар на пријавен натпреварувач,службено лице,официјално лице или клуб
- настап со користење на легитимација со непотполна односно невистинита содржина
- Одбивање на определена должност на натпревари или неправилно исполнување на истата
- Одобрување на почеток на натпревар, без обезбедување на пропишаните норми, или негово предвремено завршување
- Неправилно или недолично вршење на судиска или било која друга функција

## ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА

Член 11

Дисциплинската постапка ја води и одлучува Дисциплинската комисија.

По жалба на одлука на дисциплинската комисија одлучува Извршниот одбор.

Член 12

Дисциплинска постапка се поведува со пријава.

Дисциплинската постапка може да поведе и Дисциплинската комисија по службена должност.

Пријава може да се поднесе најкасно во рок од 3 месеци од узнавањето за сторениот престап. Пријава може да поднесе член, клуб или орган на КФМ, и друго заинтересирано лице. Пријавата треба да ги содржи следните податоци: подносител, сторител, опис на дисциплинскиот престап (време, место, вид на престапот, сведоци, записници и др.)

За сторен престап во странство или престап од материјално - финансиска природа постапка може да се поведе најкасно во рок од 1 година од сторениот престап.

Рок за изрекување на дисциплинска мерка е најкасно 2 години од сторениот престап.

Член 13

Дисциплинската комисија е составена од 3 члена.Претседател и два члена.

Дисциплинската комисија расправа и одлучува на седници. На седницата мора да присуствува мнозинство од членовите.

Започнатата дисциплинска постапка мора да заврши во рок од 2 месеца.

Член 14

Извршителот на престапот треба да биде уредно поканет да присуствува на седница на Дисциплинската комисија, или да даде писмена изјава.

Член 15

По исклучок главниот судија на натпревар може да суспендира натпреварувач доколку неспортски се однесува. Суспензијата важи за цело време на натпреварот.

Главниот судија е должен да поднесе пријава против суспендиран натпреварувач во рок од 3 дена од завршувањето на натпреварот.

Член 16

Одлуките на Дисциплинската комисија и Извршниот одбор мора да се составени во писмена форма и треба да содржат:

Увод:
- Име и состав на органот кој одлучувал
- против кого е поведена и се води постапката
- кој ја повел постапката

Изрека:
- престапот и негово обележје
- Изречена мерка

Образложение:
- Опис на престапот и начинот на извршување
- Правен основ за донесување на одлуката
- Поука за правен лек
- Датум на донесување на одлуката

## ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Член 17

Против одлуката на Дисциплинската комисија жалба може да се поднесе во рок од 15 дена до Извршниот одбор на КФМ по следните основи:
- заради формални пропусти во дициплинската постапки
- заради погрешна примена на акти на КФМ
- заради погрешно утврдена фактичка состојба
- заради изречената мерка

Одлуката на Извршниот одбор по жалба е конечна и извршна.

Член 18

Против правосилно завршена постапка може да се поднесат следните вонредни правни лекови:

- Барање за повторување на постапката може да се поднесе до првостепениот орган во рок од 1 месец, во случаи кога после правосилноста на постапката ќе произлезат докази или факти кои би влијаеле врз ослучувањето во

дисциплинската постапка. Во секој случај вакво барање не може да се поведе по истекот од 1 година од завршувањето на постапката.

- Барање за заштита на законитоста против правосилна одлука се поднесува во рок од 3 месеци по правосилноста до Собранието на КФМ во случаи кога се направени битни повреди на Дисциплинскиот правилник.

- Барање за вонредно ублажување на казна се поднесува до Извршниот одбор. Вакво барање може да поднесе само клуб, за себе или за свој член.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Упатство за толкување на одредбите од овој Правилник дава Извршниот одбор на КФМ. Толкување на одребите дава Собранието на КФМ.

По аналогија во овој Правилник ќе се применуваат одредби од Законот за Прекршоците на РМ и Законот за кривичната постапка, во оние случаи кои не се предвидени во овој Правилник.

Член 20

Овој Правилник го усвои Собранието на КФМ на својата седница на ден 16.11.2009, и стапува во сила 8 дена по усвојувањето.

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи Дисциплинскиот правилник донесен на ден 30.11.2004 година.

КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ :
М-Р ЛАЗАР ПОПОВСКИ